43/03.04.2020

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-205/6
30-03-2020 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

**ДО**
**АД МЕПСО Скопје**
**ул. Максим Горки бр.4**
**1000 - Скопје**

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: 03.04.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 13 | 2785 | | |

**Предмет: Доставување на Решение**

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во прилог Ви го доставува следното Решение, донесено на седницата одржана на ден 30.03.2020 година:

- **Бр.12-205/6 од 30.03.2020 година -** Решение за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED G-036/2019

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-205/6
30-03-2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 март 2020 година донесе

## РЕШЕНИЕ

## За одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 од ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## Образложение

Врз основа на член 74 став (8) точка 15) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 22 јануари 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје (во понатамошниот текст: Годишен извештај) бр. 12-205/1 од 22 јануари 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика го провери доставениот Годишен извештај и на 29 јануари 2020 година до службеникот за усогласеност достави Барање за дополнување на Годишниот извештај бр. 12-205/2 од 29 јануари 2020 година. Службеникот за усогласеност на 17 февруари 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнување на Годишниот извештај бр. 12-205/3 од 17 февруари 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа доставеното дополнување на Годишниот извештај и со допис бр. 12-205/4 од 6 март 2020 година побара службеникот за усогласеност да достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика Годишен извештај којшто ќе биде интегриран текст од Годишните извештаи доставени до Регулаторната комисија за енергетика на 22 јануари 2020 и 17 февруари 2020 година.

Службеникот за усогласеност на 13 март 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Годишен извештај бр. 12-205/5 од 13 март 2020 година.

Со оглед на одлуката на Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на COVID-19 и пандемијата што е прогласена од Светската здравствена организација, Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да оди по електронски пат. Поради ваквата настаната состојба, Регулаторната комисија за енергетика на 17 март 2020 година на својата веб страница објави Соопштение и побара од заинтересираните страни најдоцна до 25 март 2020 година своите забелешки, коментари и предлози по Годишниот извештај да ги достават по електронски пат. До предвидениот рок до Регулаторната комисија за енергетика не пристигнаа забелешки, коментари и предлози по Годишниот извештај

На ден 30 март 2020 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која се одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје којшто е во прилог на ова решение.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-205/6**

**30 март 2020 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

Изработил: Елена Колевска
Одобрил: Никола Николиќ

Прилог:

- Годишен извештај на службеникот на усогласеност на АД МЕПСО Скопје бр. 12-205/5 од 13 март 2020 година